РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УПП Број: / Numer: 03-19
25.09.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**До**

**Предмет:** Одговор на барање

Почитуван,

Во врска со Вашето барање за мислење и појаснување за Македонско радио - Радио програмски сервис преку сателит и посебни радио програми - Радио Македонија, (наш бр. УПП 03 – 19 од 10.9.2025), Ве известуваме за следното:

Согласно член 63 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ), емитување радиопрограмски сервис може да се врши преку радиофреквенции, преносен капацитет на дигитален терестријален мултиплекс, јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс или преку сателит. Со ова, ЗААВМУ, во целина, сè уште не го препознава емитувањето преку интернет, поради што Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги нема надлежност да врши надзор врз ваквите програмски сервиси.

Сепак, во ЗААВМУ има еден исклучок, во член 107 ставови 4 и 5, кој предвидува обврска за Јавниот радиодифузен сервис да обезбеди најмалку еден радио програмски сервис преку сателит и/или интернет наменет за иселениците кои живеат во соседните земји, во Европа и на другите континенти. Ова е всушност одредбата која го уредува постоењето на Радио Македонија.

Агенцијата не врши надзор врз работата на овој програмски сервис затоа што неговата сервисна зона на емитување е надвор од државата, односно тој е наменет за слушатели надвор од Македонија. Од овие причини, немаме информација за евентуални неправилности при емитувањето.

Инаку, Радио Македонија претходно се емитуваше на средни бранови, меѓутоа, според информациите со кои располагаме, повеќе години наназад, вклучително и во 2023, 2024 и 2025 година, неговата програма е достапна само преку интернет.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**